ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ПРИРАЧНИК

## ОПШТА ДИСЕМИНАЦИЈА НА МХП ЗА ЗАКОНОДАВНА И ИЗВРШНА ВЛАСТ

# П Р И Р А Ч Н И К
# ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА НА МХП ЗА ЗАКОНОДАВНА И ИЗВРШНА ВЛАСТ

## Воведен дел

### 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЦЕЛНАТА ГРУПА

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Собранието е еднодомно и го сочинуваат од 120 до 140 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Мандатот на пратениците трае четири години и тие не можат да бидат отповикани.

Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието[1]. Во широкиот дијапазон на надлежности на Собранието, меѓу другото, стои и дека Собранието[2]:

- Донесува закони и дава автентично толкување на законите;
- Ратификува меѓународни договори;
- Одлучува за војна и мир;
- Избира Влада на Република Македонија;
- Врши политичка контрола и надзор над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;

Владата на Република Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Владата ја сочинуваат претседател и министри[3]. Во широкиот дијапазон на надлежности на Владата, меѓу другото, стои и дека Владата[4]:

- Ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување;
- Предлага закони, републички буџет и други прописи што ги донесува Собранието;
- Донесува уредби и други прописи за извршување на законите;
- Дава мислење за предлозите на закони и други прописи кои на Собранието му ги поднесуваат други овластени предлагачи;

1. Види: Устав на Република Македонија, чл. 61, чл. 62, чл. 63
2. Види: Устав на Република Македонија, чл. 68
3. Види: Устав на Република Македонија, чл. 88, чл. 89
4. Види: Устав на република Македонија, чл. 91.

## 1.1. Карактеристики на целната група

Имајќи го во предвид фактот дека претставниците на законодавната и извршната власт, во секоја држава се пред се, политички лица, мора да се воспостави соодветна методологија на пристап кон оваа категорија на лица. Имено, интенцијата на секој дисеминатор, во фазата на подготовка за одржување на дисеминациската сесија, е да се подготви на тој начин што тематиката и пристапот кон слушателите ќе ја прилагоди кон карактеристиките на целната група. Парламентарците и претставниците на извршната власт, во принцип се лица со различен образовен профил и мора да се има во предвид фактот дека не секој од нив слушнал, или пак во најдобра рака, има основно или солидно познавање на проблематиката која ја покрива МХП. Во таа насока, неопходно е дисеминаторот претходно да има претстава со каков профил на личности се среќава, колкаво е нивното познавање од областа на МХП, како би можел да направи соодветна подготовка на структурата на часот.

## 1.2. Зошто парламентарците и претставниците на извршната власт ?

Имајќи ги во предвид горенаведените надлежности на двете институции, недвосмислено се поставува прашањето за улогата на овие институции во процесот на теоретска и практична имплементација на МХП. Потребата од масовна промоција на нормите и регулативата кои се дел од МХП, во денешни услови на масовно кршење на принципите на хуманост и правилата кои МХП ги пропишува, е повеќе од неопходна.

Токму затоа, и претставниците на законодавната и извршната власт, кои de facto ја креираат законодавната и извршната политика, мора да бидат максимално запознаени со принципите и правилата на МХП, но и нивната улога во реализација на хуманите цели кои се дел од МХП. Иницијативата за ратификација на меѓународните договори кои ја покриваат материјата на МХП, но и усогласувањето на постоечката законска легислатива со меѓународните инструменти усвоени на светско ниво, потекнува во прв ред од органите на извршната власт, а практично се имплементира по усвојувањето од страна на законодавната власт.

Токму затоа и улогата на Владата и Парламентот во секоја држава, во поглед на кодификација и имплементација на нормите на МХП, е ставена на највисокиот пиедестал.

Но, иницијативната и кодификаторската улога на овие институции не може да ја постигне предвидената цел, доколку изостанува промоцијата и широката дисеминација врз поширокната популација, со особен акцент на институциите кои, во прв ред се задолжени за практикување на нормите предвидени со МХП.

# Втор дел

## 2. УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТАРЦИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МХП

Повелбата на Обединетите Нации, која беше донесена во 1945 година, зацртува дека Државите Членки се воздржуваат од акти на насилство или употреба на сила против друга Членка, со што востановува дека војната повеќе не претставува прифатливо средство за разрешување на конфликтите помеѓу државите.

Повелбата, сепак прави исклучок од ова правило, давајќи им го правото на Државите да се бранат, индивидуално или колективно, против напади кои се насочени против нивната независност или територија. Згора на тоа, Поглавјето VII допушта Државите Членки да употребуваат сила во рамката на колективна акција, за да го одржат меѓународниот мир и безбедност, и забраната за примена на сила не се применува при меѓународни вооружени конфликти.

Покрај фактот дека огромен број на вооружени конфликти избија по 1945 година, се појавија нови видови на конфликти (војни за национално ослободување, герилско војување) и технолошкиот прогрес резултираше со развој на голема палета на оружја со високи перформанси.

Во 1997 година, 25 големи вооружени конфликти се водеа во 24 земји низ целиот свет. Сите конфликти кои избија во текот на 1997 година се водеа на Африканскиот континент, а Африка беше единствен регион во кој бројот на конфликтите се зголемија. Исто така беше регион со најголем дел на конфликти со висок интензитет, односно со 1000 борбено-поврзани умирања во текот на една година.[5]

***Меѓународното хуманитарно право*** се состои од збир на меѓународни правила кои имаат за цел да ги лимитираат ефектите од војните, врз луѓето и објектите. Овие правила се наведени во меѓународни договори кои можат да се групираат во четири категории:

- Договори за заштита на жртвите од војна;
- Договори за заштита и/или забрана на различни типови на оружје;
- Договори за заштита на одредени објекти;
- Договори кои ја регулираат меѓународната јурисдикција (репресија на злосторствата);

На кратко, главната порака на меѓународното хуманитарно право е:

5 Извор: SIPRI Yearbook 1998)

- Да не се напагаат луге кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата;
- Да не се употребуваат оружја кои не прават разлика помеѓу борци и цивили, или оружја и методи на војување кои предизвикуваат непотребно страдање и/или повреди.

Веднаш се поставува прашањето: ***Што можат парламентарците да сторат за да ја олеснат хуманитарната акција за време на вооружен конфликт?***

Меѓународните хуманитарни операции се вршат во зоните на конфликт со цел да им пружат заштита и помош на жртвите на конфликтот, но и да го олеснат нивното страдање.

Хуманитарната акција може да се изведе само доколку се исполнат следните основни услови:

- Неограничен пристап до жртвите од конфликтот;
- Неограничен дијалог со властите;
- Независност: целосна контрола врз сите фази од операцијата и врз сите потребни ресурси.

Согласно Меѓународното хуманитарно право, принципите на хуманост и непристрасност мора да се поддржани со секоја хуманитарна акција. Помошта, мора да се даде единствено врз основа на потребите, независно од сите политички, стратешки или воени размислувања.

Што можат парламентарците да сторат за да ја олеснат хуманитарната акција за време на вооружен конфликт?

Тие треба да сторат се што е во нивна надлежност, за да ја олеснат хуманитарната акција преземена од неутрални хуманитарни организации како Меѓународниот комитет на Црвен крст.

Практично, тоа значи дека парламентарците треба:

- Да обезбедат нивната држава да ги забрза визните процедури за хуманитарниот персонал;
- Да го олесни транспортот преку воздух/земја/море;
- Да понудат ослободување од данок;
- Да обезбедат заштита на хуманитарниот персонал, олеснување и помош во залихи;
- Да ги отстранат сите бирократски пречки кои ја попречуваат хуманитарната ефикасност;
- Да ги поддржат хуманитарните операции преку контрибуција во форма на пари, добра или услуги.[6]

6. Види: Respect for International humanitarian law, ICRC publication 1999 ref. 1090

## 2.1. Како да се обезбеди почитување на Меѓународното хуманитарно право?

Мегународното хуманитарно право е сеуште, за жал, премногу често прекршувано. Потребно е да се преземат бројни мерки за да се поправи ваквата ситуација:

### ■ *Правни мерки придружени со политичка акција*

Почитувањето на Меѓународното хуманитарно право подразбира преземање на низа правни мерки (на пример, ратификација на соодветни меѓународни инструменти и донесување на потребната легислатива и правилата за имплементација). Но, оваа исклучиво правна работа, сепак, не е доволна.

Обезбедување на почитување на Меѓнародното хуманитарно право, исто така подразбира "вдахнување живот на тоа", преку ширење на знаењето на таа содржина и обезбедување заштита на основните приници на кои е базирана, преку политички средства.

Парламентите и нивните членови ја имаат клучната улога во промоцијата на почитта кон правилата на МХП и казнувањето на прекршувањата на овие правила (...), не само кога вооружените судири веќе избиле, но и на превентивна основа, вон периодот на непријателства.[7]

### ■ *Во време на војна како и во време на мир*

МХП се применува во вооружени конфликти, но мерките мора да се преземаат постојано, за да се обезбеди негово почитување. Како што повеќето земји ја подготвуваат нивната одбрана дури и кога не им се заканува директна опасност од вооружен конфликт, во време на мир мора да се преземаат мерки за да се обезбеди дека секоја војна ќе се одвива со должна почит кон МХП. Кога судирот е веќе очигледно дека ќе се случи, најчесто е многу доцна за реакција. Затоа, безбројни се превентивните мерки кои можат да се преземат во мирновременски услови, за да се обезбеди усогласување со Меѓународното хуманитарно право.

### ■ *Во и надвор од националните граници*

Идејата, Државите да мора да го почитуваат МХП не само во рамките на нивните национални граници, но и во глобални рамки, е

7 ВИДИ: Inter - Parlimentary Union, 161 st session of the Council, September 1997

фундаментална. Токму затоа, во чл. 1 кој е заеднички за сите Женевски Конвенции, страните се обврзуваат на "почитување и обезбедување на почит кон" правилата на Конвенцијата.

### 2.2. Како парламентарците се засегнати и што тие можат да направат?

Кога ќе избие вооружен конфликт, ризиците за населението во денешни услови се се поголеми и поопасни.

Како институција која ги претставува интересите на населението на најдиректен начин, врз Парламентот паѓа улогата за заштита на населението преку донесување, во услови на мир, легислатива и правни норми, кои овозможуваат најдобра заштита во услови на вооружен судир. Што се однесува до парламентарците, кои се заштитници и гласноговорници на граѓаните, треба не само да потпомогнат во донесување на овие правила и гаранции, туку нивната улога е и во промоција на МХП во најшироки можни рамки.

Во текот на непријателствата, граѓаните очекуваат парламентарците да се мобилизираат политички за да обезбедат заштита. Кога непријателствата ќе завршат, процесот на реконструкција ќе има потреба, не само од ресурси, туку и од политичка обврзаност: од политичарите, вклучително и парламентарците, кои ќе го коваат политичкиот консензус, на кој ќе треба да се базира процесот, доколку се сака истиот да успее.

Парламентот и неговите членови играат клучна улога во процесот преку кој Државата станува Страна во меѓународен договор, но и во националната имплементација на правилата и принципите кои истиот ги предвидува.

Најпрвин, парламентарците мора да проверат дали Државата е Страна и потписник на постоечките договори кои ги регулира МХП. Ако не е, тие можат да се погрижат за преземање специфични мерки, кои зависат од конкретниот случај, а им стојат на располагање:

- Барањето за ратификација или пристапување е доставено до Парламентот во разумен временски рок; во тој случај парламентарците можат, по добивањето на потребните информации, позитивно да изгласаат;
- Договорот сеуште не е потпишан од страна на Владата: во тој случај, парламентарците можат да ги користат парламентарните процедури (особено, пишани и усно поставени пратенички прашања) до Владата, да објасни зошто досега не е потпишан, но и да ја охрабри, да го започне процесот на ратификација или пристапување без одложување;
- ***Владата*** го потпишала договорот, но го оддолжила процесот на ратификација: во тој случај, парламентарците можат да ги иско-

ристат парламентарните процедури да ја прашаат Владата зошто и е потребно толку време за ратификација, но и да ја охрабрат во насока на забрзување на процесот;

- ***Владата*** се спротиставува на ратификацијата или пристапувањето: во тој случај, парламентарците можат да ја побараат причината и да бараат да им се одговори во детали. Тие можат, доколку е неопходно, да помогнат во расчистување на сомнежите, неоснованите мислења и недоразбирања, и можат исто така, да ја внесат во игра нивната целокупна политичка мрежа, за да се мрднат работите во позитивна насока. Парламентарците можат, исто така да го прашаат и електоратот што мисли по однос на ова прашање и тоа да го искористи во правец на забрзување на постапката на ратификација или пристапување.

Откако одреден договор од МХП ќе се ратификува и ќе влезе во сила, парламентарците мора да обезбедат Парламентот да донесе и имплементира национална легислатива, која ќе кореспондира со одредбите од договорот.

Доколку е неопходно, можат да ја искористат парламентарната процедура да обезбедат предлог легислатива (или амандмани на постоечката легислатива), да бидат испратени од ***Владата*** до ***Парламентот*** во разумен рок. Тие можат, особено да обезбедат Кривичниот законик и Законот за кривична постапка, да се компатибилни со нормите на МХП.

Врз основа на нивната функција на парламентарен надзор, парламентарците можат особено да обезбедат дека:

- Националната легислатива е дополнета со коренспондирачки правила и административни мерки;

- Припадниците на воените и безбедносните сили добиваат инструкции за правилата на МХП од страна на експерти на тоа поле, и хуманитарното право фигурира во воените прирачници;

- Информативни сесии се дадени на претставниците на извршната власт;

- Оние коишто ги прекршиле правилата на МХП се казнети согласно законот;

- Инструкции за правилата на МХП се дадени на пошироката јавност, особено во училиштата и универзитетите;

- Адекватен финансиски фонд е обезбеден за овие активности.

Парламентот исто така, врши мониторинг и врз работата на правосудната администрација. Во таа насока, претставниците на народот, мора особено да:

- Овозможат претставниците на правосудството да добијат адекватни информации и инструкции во врска со МХП;
- Му даде на судството начин и средства за исполнување на својата мисија;

- Во случај на воени злосторства, врши мониторинг/ на судската администрација, т.е. без мешање во процесот на донесување на одлуки, да обезбедат успешно функционирање на судскиот систем, да овозможат истиот, да не подлежи на никакви притисоци или вмешувања од страна на ***Извршната власт*** како и да овозможат таа одлука да се донесе во разумен рок.

Парламентарците можат да поттикнат формирање на парламентарно тело кое ќе се занимава со материјата и прашањата кои се однесуваат на МХП. Доколку не е возможно да се воспостави ваков парламентарен комитет, парламентарците можат да промовираат формирање на под-комитет или друго тело , во согласност со постоечката процедура, а чиј мандат и/процедури ќе бидат прецизно одредени.

Парламентарците можат, исто така, да поттикнат формирање неформална група на парламентарци, кои се специјално заинтересирани за прашањето за МХП, и кои ќе претставуваат движечка сила за парламентарна акција во оваа сфера.

Конечно, парламентарците можат да промовираат остварување на контакт со слични парламентарни тела во други држави, во насока на споделување искуства и подобрување на националната акција преку следење на чекорите на другите. ***Меѓу - Парламентарната Унија*** може да помогне во овој поглед.

***Меѓу - Парламентарната Унија*** е светска организација на парламентите, која се занимава со развој и дисеминација на правилата на МХП, особено преку работата на нејзиниот специјализиран комитет. Од витално значење е парламентарците да ја искористат функцијата и работата на Унијата, а препораките во однос на МХП да се претстават пред и да се земат во предвид од страна на ***Парламентот*** и Из***вршната власт***.

# Трет дел

## 1. СТРУКТУРА НА ЧАСОТ ПО МОДЕЛ ЦКА - ПХВ

### 1.1 Елементи на часот

- Најава на часот
- Запознавање
- Контекстуализација
- Дозирана информација
- Функционализација
- Евалуација

#### 1.1.1. Најава

Најавата е првиот дел од сесијата во текот на која учесниците ги доби ваат основните информации за понатамошната работа и текот на сесијата.

Овој дел не треба да трае повеќе од 5 % од предвиденото време за целата сесија. Во текот на истиот:

- Предавачот се ***претставува себеси***
- Ја претставува ***темата на сесијата***
- Ги поставува понатамошните ***правила на дискусија***
- Дава ***Прашалник А*** (кој понатаму служи за евалуација)
- Ги запишува ***очекувањата*** на учесниците и ги претставува ***целите*** на сесијата

#### 1.1.2. Контекстуализација

Контесктуализацијата е оној дел од сесијата во текот на кој учесниците се судруваат со проблемот или се поттикнуваат активно да размислуваат на темата која се разработува во текот на сесијата, и на тој начин се ставаат во контекст на темата и сесијата.

Овој дел од сесијата трае 30 % од предвиденото време за сесијата.

Во текот на истиот:

- Предавачот ги дели учесниците во неколку групи и им задава задача која по својата проблематика, треба учесниците да ги воведе и подготви за понатамошниот тек на сесијата.
- Учесниците ***работат во групи*** и ***избираат свој гласноговорник***, кој на крајот од вежбата ќе ја презентита нивната работа пред останатите групи и предавачот.

- Групите ***презентираат***

- Предавачот го ***резимира*** сето она што групите го презентирале и преку дискусии истото го ***поврзува со темата на сесијата***.

### 1.1.3. Дозирани информации

Овој дел од сесијата се однесува на делот во текот на кој предавачот ги пренесува главните информации на учесниците. Многу е важно во текот на овој дел од сесијата да се води сметка, информациите да бидат дозирани, односно да се води сметка да не се даваат повеќе информации од што учесниците можат да примат и запомнат. Во овој случај најдобро е да се држиме до правилото 5+-2.

Ова е познат психолошки факт, кој укажува на тоа дека при примањето на нови информации, човековиот мозок најдобро ги запомнува првите 3 до 7 нови информации, во зависност од возраста.

Важно е овие информации да не бидат изнесени само по/усмен пат, туку паралелно со излагањето да се користат соодветни визуелии. Овие визуелии не смеат да бидат преоптоварени со текст, туку на нив треба да бидат забележани само најважните информации со по неколку збора. Пожелно е да се користат неколку бои во текот на пишувањето на овие визуелии.

Овој дел од сесијата трае 30 % од вкупното време за целата сесија.

Во текот на истиот:

- Предавачот ја поврзува дискусијата со излагањето на нови информации.

- Секоја изложена информација треба да е поткрепена со соодветна визуелија која може да биде во форма на краток текст од неколку збора или цртеж.

- При секоја изнесена информација, предавачот треба да воспоставува конатакт со учесниците, правејќи мала дискусија за начинот на којшто тие ја сваќаат информацијата.

### 1.1.4. Функционализација

Функционализацијата е оној дел од сесијата, во текот на кој учесниците го ставаат во функција сето она што во текот на сесијата го научиле. Најдобар начин да се стават знаењата во функција е да се на-

прави вежба во која практично се применуваат стекнатите информации.

Овој дел од сесијата трае 30% од предвиденото време за целата сесија.

Во текот на истиот:

- Предавачот ги дели учесниците во групи.
- Секоја група добива свое задолжение или задача на која што треба да работи.
- Секоја група избира свој гласноговорник, кој ќе ја презентира работата на групата пред останатите групи.
- Секоја од групите презентира, а предавачот ги корегира доколку има потреба.

### 1.1.5. Евалуација

Евалуацијата се прави на крајот на сесијата. Најдобро е истата да биде писмена, во вид на прашалник, кој се дава пред почетокот на сесијата во вид на Прашалник А и на крајот на сесијата во вид на Прашалник Б, со тоа што Прашалникот А го мери нивото на знаења на учесниците пред почетокот на сесијата, а Прашалникот Б го мери нивото на знаења кај учесниците по завршување на часот.

Евалуацијата се прави кога ќе се споредат овие два прашалници, односно разликата во знаењето помеѓу А и Б го дава реалното количество на знаења кои учесниците ги стекнале во текот на часот.

Овој дел на часот трае вкупно 5% од предвиденото време за одржување на сесијата.

Во текот на овој дел:

- Предавачот го дели Прашалникот Б, напоменувајќи дека истиот е индивидуален и дека не служи за оценување на слушателите, туку напротив, на овој начин се врши евалуација на предавачот, односно колку тој успеал да им пренесе знаење на нив.

**НАПОМЕНА: СТРУКТУРАТА НА ЧАСОТ МОРА ДА СЕ АДАПТИРА СОГЛАСНО КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЦЕЛНАТА ГРУПА, ПОСОЧЕНИ ВО ПРВИОТ ДЕЛ ОД ПРИРАЧНИКОТ.**

# Четврт дел

## 1. Библиографија


- Прва Женевска Конвенција од 1949 година;
- Втора Женевска Конвенција од 1949 година;
- Трета Женевска Конвенција од 1949 година;
- Четврта Женевска Конвенција од 1949 година;
- Дополнителен Протокол I од 1977 година;
- Дополнителен Протокол II од 1977 година;
- Устав на Република Македонија.


## 2. Дополнителна литература


- Respect for International humanitarian law, ICRC publication 1999;
- Закон за Собранието на Република Македонија
- Деловник на Собранието на Република Македонија
- Закон за Владата на Република Македонија
- Закон за Црвениот Крст на Република Македонија
  Статут на Црвениот Крст на Република Македонија
- Прирачник за инструктори - Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ)



| | |
|---|---|
| Издавач: | Црвен крст на Република Македонија |
| За издавачот: | Саит Саити, в.д. Генерален секретар |
| Тех.уред.и дизајн | Владимир Хаџи Пулевски |
| Тираж: | 150 примероци |
| Година: | 2010 |

## РАБОТЕН ТИМ

Љупчо Милковски
Марјан Спасески
Павле Богоевски
Александра Ристовски
Виолета Кузманоска
Владимир Вукелиќ

**Подготвил**
Павле Богоевски, дисеминатор и член на
Комисијата за статут и нормативни акти

www.redcross.org.mk